# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ БИЗНИС-МЕНАЏМЕНТ, ПО ПРЕДМЕТИТЕ:МЕНАМЕНТ НА МАЛ БИЗНИС И ОРГАНИЗАЦИСКО ОДНЕСУВАЊЕ, НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ- СКОПЈЕ, УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/Економски факултетот - Скопје, објавен во весниците ,,Нова Македонија” и ,,Коха” од 04.02.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област бизнис-менаџмент, по предметите: Менаџмент на мал бизнис и Организациско однесување, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-303/5, донесена на 18.02.2020-та година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Љубомир Дракулевски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, д-р Леонид Наков, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје и д-р Стојан Дебарлиев вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област бизнис менаџмент, по предметите: Менаџмент на мал бизнис и Организациско однесување, во предвидениот рок се пријави доц. д-р Александра Јанеска-Илиев.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Александра Јанеска-Илиев е родена на 18.08.1983 година, во Охрид. Средно образование завршил во Гимназијата „Св. Климент Охридски“ во Охрид со одличен успех на природно-математичка насока. Во 2002 година се запишал на Економскиот факултет во Скопје на департманот по менаџмент. Во 2005 година, по навременото завршување на третата година од студиите го продолжува образованието на Универзитетот за професионална едукација „Фонтис“ во Ајндховен, Холандија, каде што и дипломирала во јануари 2007 година . Во февруари 2007 година се запишува на втор циклус (магистерски) студии на МБА – Менаџмент на Економски Факултет-Скопје, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје. По положувањето на предвидените испити на 3.10.2008 година магистрирала на тема: ,,Договор со странски партнери како стратегија за настап во меѓународен бизнис без вложување на капитал ” и се здобила со научен степен магистер на економски науки од областа на МБА Менаџмент. Докторската дисертација на тема ,,Деловни стратегии за развој на